Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-179/2
21-02-2023 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–179/1 од 15.02.2023 година, поднесена од Синдикат на полиција во Македонија, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-179/1 од 15.02.2023 година, поднесена од Синдикат на полиција во Македонија **поради ненадлежност**.

## Образложение

На 15.02.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) е доставено Известување - Барање од страна на Синдикат на полиција во Македонија заведено под бр. 08-179/1. Во истото се наведува дека се бара преземање на мерки и помош за владеење на правото. Од страна на подносителот е наведено дека Министерството за внатрешни работи се мешало во работата и дејствувањето на синдикатот, со тоа што спротивно на закон преземало мерки и дејствија за дерогирање на работата на синдикатот, конструирање на лажни изјави во врска со основањето на синдикатот, како и индиции за евентуален престанок на работниот однос на претседателот на синдикатот. Понатаму, наведено е дека под инструкции на министерот за внатрешни работи се влијаело врз членството на синдикатот, со цел истапување на членови од Синдикатот на полицијата на Македонија, што е спротивно на Уставот и на членот 195 од Законот за работните односи.

Комисијата разгледувајќи ја содржината на претставката утврди дека изнесените факти и околности не содржат елементи на дискриминација, туку дека истите се однесуваат на забрана на надзор на работодавач над работата и дејствувањето на синдикат во смисла на член 195 од Законот за работните односи. Согласно член 256 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 110/2019; 267/2020; 151/2021 и 288/2021), надзор над примената на овој закон, прописите за вработувањето и другите прописи од областа на трудот, колективните договори и договорите за работа со кои се уредуваат правата и обврските на работникот и

работодавачот од работниот однос и други договори со кој е определен надоместок за извршената работа во износ повисок од износот на минимална плата утврдена со закон, врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на инспекцијата на трудот. Следствено, Комисијата одлучи дека конкретната работа не е во нејзина надлежност, туку дека е предмет во рамки на надлежностите на Државниот инспекторат за труд, за што е предвидена соодветна постапка за заштита.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на Комисијата